| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Новогодишни радости |
| **Содржина на денот** | Новогодишни лампиони |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Весна Пецева |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Со децата се разговара за одржување на хигиената на новогодишните лампиони и заедно се бришат лампионите или новогодишните украси во домот. |
| **Активности** | 1. Декорирање – Новогодишен лампион<br>Со детето се разгледуваат и се опишуваат лампионите во домот. Се разговара за нивната боја, шари, материјал. Се подготвуваат нацртани контури од лампиони или шаблони на лист хартија или картон. Детето се поттикнува самостојно да пронајде разновидни материјали во домот(памук, светки, салфетки, боици и сл.) и со нив да ги украси лампионите. Доколку има интерес може и да се изработат лампиони од разновидни материјали (старо ЦД, тапи од шишиња, стапчиња, стари светилки и сл.) Детето самостојно ги комбинира и поставува декоративните елементи кои ги одбрало. Возрасниот може да му помогне на детето во процесот на лепење, сечење или други постапки доколку има потреба. Лампионите може да се постават на елката во домот. Во текот на работата може да се пушти новогодишна музика и песни за да се создаде пријатна атмосфера и мотивација за работа. |